Врз основа на член 99 став 1 алинеја 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ број 15/15, 98/15, 139/15 и 226/16) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број  01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 16 февруари 2016 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАСПОЛАГАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2016 ГОДИНА

## Член 1

Во Програмата за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 13/15), во глава 2 „**Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на програмата**“ **Градежни парцели што ќе бидат на располагање**, по точката 158 се додаваат 3 нови точка кои гласи:

159.

| | |
|---|---|
|  | Детален урбанистички план за дел од населба „Дузлак“ КО Штип 3<br><br>УП.41,19<br><br>А1 домување во станбени куќи<br><br>Висина на градба: Hmax=10.2м<br><br>Површина на парцела:600 $м^2$<br><br>Површина на градба:280  $м^2$<br><br>Бруто површина:1120 $м^2$<br><br>Број на катови:П+2+Пк |

160.

| | |
|---|---|
|  | Детален урбанистички план за станбена населба Кежовица-Мерите донесен со одлука број 08-816/1 од 18.11.1994 година;<br><br>КП 8713, КП 8711. КП 8710;<br><br>Намена на земјиште:<br>А3 групно домување- стари лица, самци, деца без родители, не згрижени лица и сл. |

161.

| | |
|---|---|
|  | Детален урбанистички план населба Баби 5 донесен со одлука број 0201-3820/1 од 16.02.1982 година;<br><br>КП 2226 и КП 2225<br><br>Намена на земјиште:<br>А3 групно домување-стари лица, самци, деца без родители, не згрижени лица и сл. |

Член 2

Почетната цена на градежните парцели од член 1 на оваа Програма ќе се утврдува во согласност со Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните

трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп како и за засновање на правото на стварна служеност, која е на сила на денот на донесувањето на Објавата за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање во Општина Штип.

Член 3

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-1506/1
16 февруари 2016 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Влатко Миташев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП